Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 – 322/6
Датум: 27 -06- 2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 322/1 од 18.04.2023 година, поднесена од од Скопје, со живеалиште на за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, државјанство и друга основа – припадник на ЈНА, во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиското и инвалидското осигурување од страна на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 27.06.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност, државјанство и друга основа – припадник на ЈНА, во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиското и инвалидското осигурување од страна на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија кон

## Образложение

На 18.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 322/1, од страна на подносителот против Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, државјанство и друга основа – припадник на ЈНА, во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиското и инвалидското осигурување од страна на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија

Подносителот во претставката навел дека е поранешен припадник на како воен пензионер е примател на пензија. До 1992 година пензијата му се исплатувала од Заводот за социјално осигурување на воените осигуреници, а по осамостојувањето на Република Македонија истата му се исплатува од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија.

Согласно наводите од претставката, од причина што е поранешен припадник на има грчка етничка припадност и државјанство на Република Бугарија, подносителот е дискриминиран на начин што му е оневозможен пристап до пензиското досие во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување. Тој тврди дека на вработените во Фондот им било укажано да не му дозволуваат увид во документите, додека на вработените на портирницата им било укажано да не му дозволуваат пристап до архивата и физички да го спречат да пристапи до архивата. Сето тоа, како што наведува подосителот е резултат на погрешна пресметка на неговата првоисплатена пензија. Подносителот наведува дека Фондот при пресметката и исплатата на неговата пензија има направено криминал, па во продолжение на претставката ги образложува дејствијата со кои што смета дека е направен криминал. Тој смета дека заради прикривање на тие дејствија, Фондот му го оневозможува пристапот до неговото пензиско досие. Дополнително, во претставката се напоменува дека Фондот му презентирал на подносителот на претставката список на негови колеги – воени пензионери, на кои им бил коригирана пензијата, но неговото име не било на тој список.

Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 26.04.2023 година испрати Известување бр. 08 - 322/2 за произнесување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор и дополнително ги побара следниве информации:

- Дали на подносителот му бил дозволен увид во неговото пензиско досие? и
- Доколку не, од кои причини Фондот не му дозволил увид во пензиското досие на подносителот?

На 11.05.2023 година до Комисијата стигна поднесок за произнесување по предметната претставката со бр. 08 – 322/4 од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека пензискиот предмет на подносителот на претставката е експедиран од Фондот на 29.03.2023 година и доставен на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Во продолжение се наведува дека тоа е причина заради која на подносителот на претставката немаат можност да му обезбедат увид во неговиот предмет. Во прилог на одговорот се дадени дописи кои се дел од кореспонденцијата помеѓу Фондот и односно одговори на барањата на подносителот на претставката во текот на 2023 година.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, согласно надлежностите регулирани во членот 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 22.06.2023 година членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, вработената во стручната служба на Комисијата, извршија непосреден увид во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување.

Претставниците од Комисијата остварија средба со – началничка на Одделението за надзор и инструктажа во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување.

На почеток претставниците од Комисијата дадоа вовед на надлежноста - увид и целите на увидот поврзани со конкретниот предмет.

Началничка на Одделението за надзор и инструктажа стакна дека е запознаена со наводите на подносителот на претставката и потенцираше дека досега истиот се има обраќано до Фондот повеќе пати. На писмените дописи кои ги поднесувал, Фондот му давал одговор. Беше нагласено и дека подносителот повеќе пати физички доаѓал во Фондот и не му бил оневозможен пристап. Врз основа на тоа началничката истакна дека тврдењата од претставката дека Фондот му го оневозможувал пристапот на подносителот се неточни.

Во однос на останатите тврдења од претставката дека Фондот го дискриминирал подносителот со тоа што не му го услогласил износот на пензијата и дека не му овозможувал пристап до неговиот пензиски предмет, началничката истакна:

„Фондот за пензиското и инвалидското осигурување не донел правен акт – Решение, со кое ќе му го утврди правото на пензија на подносителот, бидејќи таквото право го стекнал во Југославија, па од таа причина пензијата е единствено пренесена од Југославија во Македонија. Заради тоа Фондот не ја утврдува, туку единствено му ја исплаќа пензијата на подносителот. Од тие причини подносителот нема физички предмет во Фондот, во кој што би можел да направи увид во начинот на утврдување на износот на пензијата. Фондот не може ниту да го утврдува износот на таквата пензија, ниту да го коригира, туку единствено го исплаќа."

Дополнително беше истакнато дека подносителот на претставката имал поведено и судска постапка, во која му било одбиено тужбеното барање.

Врз основа на изнесеното, началничката заклучи дека Фондот согласно надлежностите кои ги има по конкретниот предмет, не е во состојба да го дискриминира подносителот на претставката.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација. За да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, тој мора да изнесе факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминација би можела да биде извршена. Во случајот подносителот првично требал да докаже дека постои каузална врска помеѓу дискриминаторските основи: грчка етничка припадност, бугарско државјанство и припадност на поранешна Југословенска народна армија и повредата, односно штетата, која во случајот се наведува како неовозможување на пристап до пензиското досие и погрешно утврдување на износот на пензијата. **Од утврдената фактичка состојба произлегува дека во случајот на подносителот на претставката не е настаната повреда или штета, која се заснова на дискриминаторска основа, ниту нееднаков третман кон подносителот на претставката.** Од приложените докази од двете страни во постапката, произлегува дека постои опсежна кореспонденција помеѓу подносителот на претставката и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, што упатува на тоа дека кон подносителот не постоел игнорантски однос или неовозможување на пристап до податоци врзани за неговата пензија. Истото беше потврдено и на увидот во Фондот, од каде наведоа дека подолго време постои комуникација помеѓу Фондот и подносителот на претставката и дека истиот во неколку наврати има физички доаѓано во просториите на Фондот. Впрочем, беше појаснето дека пензиското досие на подносителот на претставката е составено од меѓусебната кореспонеденција помеѓу Фондот и подносителот и дека не постои правен акт со кој му е утврдено правото на пензија на подносителот од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија. Од приложените докази произлегува дека подносителот на претставката се стекнал со право на инвалидска пензија со Решение д Заводот за социјално осигурување на воените осигуреници Белград. Врз основа на Одлуката на Владата на Република Македонија за начинот и постапката за исплата на пензиите и другите примања на воените осигуреници кои остануваат на територијата на Република Македонија, Република Македонија од 1ви април 1992 година ја презела исплатата на пензиите и другите примања на воените осигуреници, на оние корисници кои правата ги оствариле заклучно со 31ви март 1992 година, вклучително и подносителот на претставката. Во согласност со таквата одлука, пензиите и другите примања на воените пензионери Фондот единствено ги исплаќа и не носи акт за стекнување на правото на пензија, ниту за износот на таквата пензија. Освен што ова произлегува од доказите, истото беше потенцирано и на увидот во Фондот. Со ова се побиваат тврдењата на подносителот за сторена дискриминација во однос на утврдување на висината на пензијата и неовозможување пристап до пензискиот предмет врз наведените заштитни карактеристики. Доколку Фондот не го утврдува правото на пензија, тогаш не се наоѓа во состојба во која ќе биде возможно да изврши дискриминација кон подносителот на претставката при утврдување на износот на пензијата, бидејќи истото е утврдено со решение донесено во Југославија, односно правото на пензија не го утврдил Фондот.

При така констатирана состојба, во недостаток на нееднаков третман и повреда на право врз дискриминаторска основа, не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или*

*резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на врз основа на етничка припадност, државјанство и друга основа – припадник на ЈНА, во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиското и инвалидското осигурување од страна на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија кон

Скопје,
27.06.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

-
- Фонд за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, со седиште на ул. „23 Октомври бр. 11, 1000 Скопје"